

Пчелите знаат да бројат до 4
На сеопшто изненадување научниците откриле дека пчелите знаат да бројат до четири, јавуваат австриските медиуми.Тие се зачудени на способноста на овие суштества кои имаат мозок со големина на сусам.

Научниците од Универзитетот Квисленд во тунел одбележале 5 места каде што ставиле нектар. Пчелите почнале да летаат на места каде што била храната и продолжиле откако тој бил отстранет. Утврдивме дека ако ги научиме пчелите да одат на трето место ,тие ќе продолжат и во иднина да летаат на истото место, или доколку ги научите дека нектарот се наоѓа на четврто место ќе го бараат таму. Но сепак нивната способност на броење е само до 4, не и повеќе од тоа- вели научникот Миндиан Оринвисиан.Тој истакнал дека се повеќе се изненадени од способностите на овие суштества кои имаат мозок со големина на сусам.